# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 29 Октомври 2010 година<br>Службен гласник број 11<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПИС НА ПОБАРУВАЊАТА КОН ДОЛЖНИЦИ ПО ОСНОВ НА ЗАСТАРЕНОСТ**

1. Одлуката за отпис на побарувањата кон должници по основ на застареност се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/2
29.10.2010 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), како и врз основа на чл.360 и 363 од Законот за Облигациони односи (Сл.Весник на РМ бр.18/2001) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за отпис на побарувањата кон должници по основ на застареност

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на побарувањата по основ на застареност , а врз основа на Годишен извештај на Општина Прилеп за 2009 г. усвоен од страна на Советот на Општина Прилеп , како и врз основа на Книговодствената евиденција на ЕЛС-Општина Прилеп , кон следните должници :

1.ТД Балстеп ДОО-Прилеп ........... 700,00 д.
2.Дениго Комерц - Прилеп ............ 12.086,00 д.
3.Елита Гомерц................................ 3.140,00 д.
4.Здружение на правници на РМ......... 4.600,00 д.
5.ЗЕЛС на РМ .......................... ......... 67.500,00 д.
6.ИДБЦ.............................................. 1.445,00 д.
7.Ирнекс Промет Дооел ................. 10.013,00 д.
8.ЈП за ПУП -Прилеп ...................... 50.000,00 д.
9.Маврово Инжињеринг..........................921,00 д.
10.Македониум ....................................... 2.800,00 д.
11.Маркови Кули ДООЕЛ ..................15.600,00 д.
12.Миса............................................. 800.000,00 д.
13.МЦМС.......................................... 2.000,00 д.
14.Непознати ................................. 133.851,00 д.

15.Нова Македонија-НИК Нова Принт ДООЕЛ ............................................7.300,00 д.
16.Пембе-ППУЗ............................ 12.000,00 д.
17.Перкан Проект............................. 300.000,00 д.
18.Стерна ........................................ 1.303.994,00 д.
19.ЗДОО Теракота Инжињеринг. 2.286.920,00 д.
20.Техника...................................... 233.215,00 д.
21.ХД Дооел ........................................... 6.200,00 д.

**Член 2**

Се задолжува Одделението за Буџет и Сметководство при Секторот за финансии и буџет при ЕЛС-Општина Прилеп да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп", стапува во сила со денот на објавувањето.

Број 07- 2410/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПИС НА ОБВРСКИТЕ КОН ДОБАВУВАЧИ ПО ОСНОВ НА ЗАСТАРЕНОСТ**

1. Одлуката за отпис на обврските кон добавувачи по основ на застареност, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), како и врз основа на чл.360 и 363 од Законот за Облигациони односи (Сл.Весник на РМ бр.18/2001) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за отпис на обврските кон добавувачи по основ на застареност

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на обврските по основ на застареност , а врз основа на предлогот содржан во Записникот од Комисијата за попис на парични средства , хартии од вредност , побарувања и туѓи средства бр.05-32/1 од 05.01.2010 г. како и врз основа на Книговодствената евиденција на ЕЛС-Општина Прилеп , кон следните добавувачи :

1.ГПТД"Арка Мак"................................ 113.616,00 д.
2.ВИП З.П.З........................................... 12.560,00 д.
3.Делта Геинг ......................................... 137.671,00 д.
4.Државен завод за ревизија ................ 79.168,00 д.
5.ЕМО Охрид ..............................................1.903,00 д.
6.Еуро Арх ............................................ 12.000,00 д.
7.АД"Жито Прилеп"-Прилеп ................ 52.695,00 д.
8.Здружение на возачи ........................... 11.134,00 д.
9.ЗФРЛСЈП Велес....................................23.335,00 д.
10.Интер Ауто ..............................................8.890,00 д.
11."Караорман 2001".................................. 9.620,00 д.
12.ЈКП"Комуналец' -
Синдикална организација ..... ................ 32.000,00 д.
13.Консалтинг ФВ Друштво за екоон-прав конс..
.........................................................................3.900,00 д.
14.Кума Комерц ..........................................7.000,00 д.
15.Магазин Ин ....................................... 15.750,00 д.
16.Македонски Архив ...................................800,00 д.
17.АД"Македонски Телекомуникации".109.449,00д
18.Министерство за транспорт и врски .35.776,00 д.
19.Партизан Брик ................................... 30.000,00 д.
20.Адвокат Пенков Драган .................. 7.000,00 д.
21.Радио Холидеј ТРД-ДООЕЛ-Прилеп .6.370,00 д.
22.Секјурити МК Агенција ...................... 6.000,00 д.
23.Стадион Комерц ............................... 230.000,00 д.
24.Т-Мобиле ............................................. 55.252,50 д.
25.Театар "Војдан Чернодрински"-Прилеп .............
.........................................................................5.000,00 д.
26."Теракота Инжињеринг"ЗДОО-Прилеп..............
.........................................................................5.900,00 д.
27."Контихидропласт"Гевгелија ..............................
......................................................................75.630,00 д.
28.Шула Комерц .................................... 18.703,00 д.

**Член 2**

Се задолжува Одделението за Буџет и Сметководство при Секторот за финансии и буџет при ЕЛС-Општина Прилеп да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп", стапува во сила со денот на објавувањето.

Број 07- 2410/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Програмата за волонтирање во Локалната самоуправа - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/4
29.10.2010 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

рз основа на член 6 став 2 од Законот за волонтерството (Службен весник на РМ бр.5/07), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.10.2010 година, донесе

**Програма за волонтирање во Локалната самоуправа - Општина Прилеп**

Локалната самоуправа има потреба од ангажирање на волонтери во своето работење за подобрување на квалитетот на услугите на своите корисници и за поефикасно спроведување на своите активности.

Локалната самоуправа во следниот период има потреба за ангажирање на волонтери во следните одделенија за следните видови на работни задачи:

- Сектор за правни, јавни и општи работи

  (Волонтерски позиции)

  1-Правник-во оделение за правни, јавни, и општи работи.

  1-Правник-во оделение за контакти со граѓани, месни самоуправи и информации.

  1-Советник во нормативно -правни работи.

  1-Правник во оделение за човечки ресурси

- Сектор за урбанизам, комунални работи и животна средина

  2-Градежни инжинери во секторот за урбанизам

  2-Архитекти ви секторот за урбанизам, комунални работи и животна средина.

Сите детали за ангажирањето на волонтерите, начинот и постапката за можно надоместување на трошоците за превоз, храна, трошоците за осигурување (во случај на повреда и професионални заболувања) како и бројот на работни часови за секоја волонтерска позиција пооделнио, ќе бидат утврдени во Договорот за волонтирање.

Локалната самоуправа ќе води евиденција на волонтерската работа врз основа на Правилникот за водење на евиденција на волонтерската работа (Сл. весник бр. 128/2007) и ќе ја пополнува волонтерската книшка на секој волонтер.

Локалната самоуправа ќе обезбедува волонтери преку огласи во средствата за јавно информирање.

Програмата за волонтирање е донесена за периодот 2010/2011 година. Измени и дополнување на оваа програма ќе бидат донесени како анекси на програмата.

Број 07- 2410/5
28.10.2010 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СОЛИДАРНИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ ВО ОБНОВАТА НА ОПОЖАРЕНИОТ МАНАСТИР "СВ.ЈОВАН БИГОРСКИ"**

1. Одлуката за доделување на солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св.Јован Бигорски", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/5
29.10.2010 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ( "Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св. Јован Бигорски"

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Прилеп доделува солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св. Јован Бигорски".

Помошта се состои од парични средства во висина од 600.000,оо денари од резервите на Буџетот за 2010 година.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од средствата предвидени како резерви во Потпрограма Д 00 - Градона- чалник, ставка 412, постојана резерва од Подставка 412110 - Постојана резерва - непредвидени расходи, предвидени во Буџетот на Општина Прилеп за 2010 година.

Член 3

Уплатата на средствата од член 1 на оваа Одлука да се изврши на жиро сметка на Манастирот.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за доделување на солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св. Јован Бигорски" бр. 07-2785/25 од 29.10.2009 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 2410/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУ ДГ "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП, ЗА 2010/2011 ГОДАИНА**

1. Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп, за 2010/2011 годаина, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.10.2010 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп за 2010/2011 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп за 2010/2011 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 2410/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ,ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ- СПОМЕН ПЛОЧА ВО ЧЕСТ НА ШВАЈЦАРСКИОТ ПИСАТЕЛ НИКОЛА БУВИЕ**

1. Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плоча во чест на швајцарскиот писател Никола Бувие, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на РМ" бр. 66/2004), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), на иницијатива на граѓани, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плоча во чест на швајцарскиот писател Никола Бувие

**Член 1**

Со оваа Одлука во чест на швајцарскиот писател Никола Бувие, за овековечување на името на Прилеп и Македонија во книгата "Употребата на светот" со што направи книжевен споменик во светската литература, се подига спомен обележје - спомен плоча.

**Член 2**

Локацијата на Спомен плочата да биде спроти Рибниот ресторан на зелената површина во паркот, зад Златара ,,Карина,, во центарот на градот.

Спомен плочата ќе биде изработена од локални материјали - гранит и мермер, на која ќе биде напишан следниот текст: "На Швајцарскиот пистел со светско реноме Никола Бувие (1929 - 1998) кој 3 месеци престојуваше во Прилеп за време на неговите патувања опишани во Книгата "Употребата на светот", кој го овековечи името на Прилеп и Македонија во целиот свет и ја напиша бессмртната реченица: "Балканот е срцето на Европа". Граѓаните на Прилеп, Македонија и Балканот вечно благодарни. Општина Прилеп и универзитет на аудио-визуелни уметности.

**Член 3**

За реализација на иницијативата за подигање на Спомен обележјето задолжен е Универитетот за аудио-визуелни уметности.

**Член 4**

Општина Прилеп ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележјето.

**Член 5**

Потребните средства за подигање и чување на спомен обележјето ќе ги обезбеди Универитетот за аудио-визуелни уметности.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 2410/8<br>28.10.2010 година<br>П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Прилеп<br>Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/8<br>29.10.2010 година<br>П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.51/05,137/07 и 91/2009) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/2002) и член 26 с.1 т.7 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на општина Прилеп„бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 28.10. 2010 годиана, донесе:

**ПРОГРАМА**

За дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2010година

Член 1

Во Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2010 година („Сл.гласник на општина Прилеп„ бр.1/2010 ;3/2010;4/2010,5/2010,6/2010 и 7/2010) во глава **А.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ во точката 11 после подточката 11.3 се додава нова подточка 11.4 која гласи:**

**„11.4 Измена и дополнување на ДУП за УАЕ 13 УБ 13 УМ 4......... 1.8 ха„**

Чл.2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп„.

Изработил:ПР<br>Проверил:МЗ<br>Одобрил:ИК

Број 07- 2410/9<br>28.10.2010 година<br>П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Прилеп<br>Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈАИ УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМАЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ВО УАЕ 1 СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ НА КП БР. 5413/2 КО ВАРОШ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза формирање на градежна парцела во УАЕ 1 со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи на КП бр. 5413/2 КО Варош во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 2427/9 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 29.10.2010 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела во УАЕ 1 со основна класа на намена А1 –домување во станбени куќи, на кп. бр. 5413/2 КО Варош во Општина Прилеп

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) **за формирање на градежна парцела** од кп. бр. 5413/2 **во УАЕ 1 , УБ 1/4,** со основна класа на намена А1–домување во станбени куќи , со сите компатибилни класи на намени на основната класа на намена, **а согласно измени и дополнување на Генералниот урбанистички план на Прилеп.**

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД **за формирање на градежна парцела** од кп. бр. 5413/2 **во УАЕ 1 , УБ 1/4** , со основна класа на намена А1– домување во станбени куќи , со сите компатибилни класи на намени на основната класа на намена , **а согласно измени и дополнување на Генералниот урбанистички план на Прилеп.**

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил: МЗ
Одобрил :КИ

| | |
|---|---|
| Број 07- 2410/10 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 28.10.2010 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананција |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМАЗА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОВРШИНАТА ЗА ГРАДЕЊЕ И МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА ГРАДБАТА СО СТАНДАРДИТЕ И НОРМАТИВИТЕ НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ ВО ФОРМИРАНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 328, ВО ДУП ЗА УАЕ 16-ДЕЛ СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза за усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите на урбанистичкото планирање во формирана градежна парцела бр. 328, во ДУП за УАЕ 16-дел со основна класа на намена А1 -

домување во станбени куќи, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.10.2010 годиина, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите на урбанстичкото планирање во формирана градежна парцела бр.328 , во ДУП за УАЕ 16-дел со основна класа на намена А1- домување во станбени куќи

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) **за усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата во формирана градежна парцела br. 328 со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, во ДУП за УАЕ 16-дел кп. Бр.**16775, КО Прилеп , **со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи и сите компатибилни класи на намена на основната класа на намена.**

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на **за усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата во формирана градежна парцела br. 328 со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, во ДУП за УАЕ 16-дел кп. Бр.**16775, КО Прилеп , **со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи и и сите компатибилни класи на намена на основната класа на намена.**

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил: МЗ
Одобрил :КИ

Број 07- 2410/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМАЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВОСТАНБЕНИ КУЌИ И Г 3 СЕРВИСИ, НА КП БР. 6067 И 6068 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи и Г 3 сервиси, на КП бр. 6067 и 6068 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1-Домување во станбени куќи и Г3 Сервиси на кп. бр.6067 и 6068 во Прилеп

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) **за формирање на градежна парцела од кп. бр.** 6067 и 6068 **во специфичниот дел од домувањето во Прилеп Ђ домување со сервиси согласно Генералниот урбанистички план на Прилеп,** донесен со Одлука бр.07-2034/2 од 30.11.2001година **во УАЕ 21 УБ 21/3 .**

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД **за формирање на градежна парцела од кп. бр.** 6067 и 6068 **во специфичниот дел од домувањето во Прилеп Ђ домување со сервиси, а согласно Генералниот урбанистички план на Прилеп.**

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил: МЗ
Одобрил :КИ

Број 07- 2410/12 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМАЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ОД КП БР. 315/1 - ДЕЛ ВО КО МАЛО КОЊАРИ СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Б6**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза формирање на градежна парцела од КП бр. 315/1 - дел во КО Мало Коњари со основна класа на намена Б6, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/12 — ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од кп. Бр. 315/1- дел во КО Мало Коњари со основна класа на намена Б6

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) **за формирање на градежна парцела** од кп. бр. 315/1-дел **во КО Мало Коњари** za izgradba na objekt за потребите на здравство со намена В2 - компатибилна на основната класа на намена Б6 во Општиот акт за н. м. Мало Коњари донесен со Одлука бр. 07-68521 од 12.03.2010година.

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД **за формирање на градежна парцела** од кп. бр. 315/1-дел **во КО Мало Коњари** za izgradba na objekt за потребите на здравство со намена В2 - компатибилна на основната класа на намена Б6 во Општиот акт за н. м. Мало Коњари **.**

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил: МЗ
Одобрил :КИ

Број 07- 2410/13 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ВО УАЕ 21, УБ 21/3 ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г 3 - СЕРВИСИ, НА КП БР. 5953/3 И 5953/4 КО ВАРОШ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програма за формирање на градежна парцела во УАЕ 21, УБ 21/3 за изградба на објект со основна класа на намена Г 3 - сервиси, на КП бр. 5953/3 и 5953/4 ко Варош во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/13 — ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела во УАЕ 21 УБ 21/3 за изградба на објект со основна класа на намена Г3 –сервиси , на кп. бр. 5953/3 и 5953/4 КО Варош vo Општина Прилеп

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) за кп. бр. 5953/3 и 5953/4 **во УАЕ 21 , UB 21/3 согласно Генералниот урбанистички план на Прилеп за формирање на градежна парцела** за изградба на објект со основна класа на намена Г3–сервиси , со сите компатибилни класи на намени на основната класа на намена.

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД за кп. бр. 5953/3 и 5953/4 **во УАЕ 21 , UB 21 /3 согласно Генералниот урбанистички план на Прилеп за формирање на градежна парцела** за изградба на објект со основна класа на намена Г3–сервиси , со сите компатибилни класи на намени на основната класа на намена.

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил: МЗ
Одобрил :КИ

Број 07- 2410/14 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.10.2010 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД СЕЛО ГОЛЕМО КОЊАРИ "УБ" "1А" - ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ**

1. Одлуката за утврдување Нацрт на урбанистички план за дел од село Големо Коњари "УБ" "1а" - измени и дополнување, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2427/14 — ГРАДОНАЧАЛНИК
29.10.2010 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување Нацрт на урбанистички план за дел од село Големо Коњари „УБ „1а„- измени и дополнување

Чл.1

**Се утврдува** Нацрт на урбанистички план за дел од село Големо Коњари „УБ „1а„- измени и дополнување, во општина Прилеп **,** како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Определениот плански опфат е со следните граници**:** на запад поминува низ кп.бр.1363/1 во правец кон југоисток, во должина од 20м,до пресекот со северната граница на кп.бр.1466/4. Потоа, границата на опфатот оди по источните граници на катастарските парцели кп.Бр.1466/4, кп.1466/5, кп.1466/6, кп.1466/7 кп.1466/8, кп.1466/9 и кп.1466/10 во вкупна должина од 170м. Потоа јужната граница оди исто така низ парцелата 1358 во правец кон запад во должина од 230м., на источната страна оди во правец кон југозапад, односно, оди низ парцелата кп.бр.1358 и ја сечи во правец кон северозапад во должина од 182м ,на север исто така оди низ парцелата 1358 во правец кон југозапад во должина од 135м., потоа скршнува во правец кон , во должина од 135м, исто така низ кп.бр.1363/1 се до пресекот со почетната точка на планскиот опфат кп. Бр. 1363/1 .

**Вака определениот блок е со површина од 4,26 ха**.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.-**Урбанистички план за дел од село Големо Коњари „УБ „1а„ измени и дополнување **,во општина Прилеп -фаза Нацрт План техн.бр.2532 од Октомври 2010година ,изработен од „Дизајн Центар Инженеринг„ дооел Кавадарци.**

**А.ОПШТ ДЕЛ**

**I. Општ дел**

- Насловна страница
- Решение за регистрација на правното лице
- Лиценца за правното лице
- Овластувања на проектантите
- Податоци од овластени фирми за инфраструктура :
- ЕВН - КЕЦ Прилеп ;
- ЈКП ,, Водовод и канализација , Прилеп ;
- Македонски телеком - Прилеп ;
- Дирекција за заштита и спасување , ПЕ Прилеп ;
- НУ Завод и музеј - Прилеп ;
- Планска програма од нарачателот ;
- Геодетски елаборате - Ажурирана геодетска подлога ,
оверена од овластена институција ;

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**II Текстуален дел - Вовед**

1. Географско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2. Геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
3.Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
4. Податоци за создадените вредности и чинители во планскиот опфат на земјиштето во рамките на планскиот опфат
5.Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната супраструктура
6. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура
7. Инвентаризација и заштита на природното и културното наследство
8. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби
9. Анализа на влијанијата врз животната средина
10. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план
11. Резиме на можностите за просторниот развој
12. Податоци за планови од повисоко ниво.
13. Нумерички показатели на Документационата основа

**III Графички прилози**

- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ___________________________-__ -Р=1 : 1.000

1. ИЗВОД ОД УПС НА Н.М. ГОЛЕМО КОЊАРИ ------------------------------------------- Р = 1 : 2.500
2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ------------------ Р = 1 : 1000
3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ------------ Р = 1 : 1000
4. ПОСТОЈНА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ---------------------------- Р = 1 : 1000

**III. Планска документација**

*** Текстуален дел**

1. Вид на план , назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од изводот на План од повисоко ниво
4. Планска програма како резултат од анализите на постојната состојба
5. Опис и образложение на планскиот концепт за просторен развој
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба на сообраќајна инфраструктура
7. Нивелациски план
8. Опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална инфраструктура

9. Економско образложение за реализација на планските решенија
10. Елементи за заштита на животната средина
11. Нумерички показатели на планираната состојба во планскиот опфат на Урбанистички план
12. Билансни показатели на планираната состојба
13. Општи услови за изградба , развој и користење на земјиштето и градбите
14. Посебни услови за изградба , развој и користење на земјиштето и градбите

* Графички прилози

1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ------------------------ Р = 1 : 1000
2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА- Р = 1 : 1000
3. СООБРАЌАЕН ПЛАН И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ--------- Р = 1 : 1000
4. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН----------------------------------------------- Р = 1 : 1000
5. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ----------------- -Р = 1 : 1000

**2.Извештај од извршена Стручна ревизија-**техн.бр.133/2010,изработена од в Ин-Пума вод Скопје,од Јуни 2010год.,заведена во Општина Прилеп под бр.09-1049/4 од 09.07.2010год.

**3.Одговор на забелешките од стручната ревизија-**изработен од ДООЕЛгДизајн Центар Инженерингг од Кавадарци ,од 2010год.

**4.Стручно мислење** бр. 03-1127/3 од 20.09.2010год., издадено од Комисијата формирана од градоначалникот на општина Прилеп

**5.Одговор на забелешките од Стручното мислење -** изработен од страна на изработувачот на планот од Октомври 2010год.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил: МЗ
Одобрил :КИ

| | |
|---|---|
| Број 07- 2410/15 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 28.10.2010 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА III КВАРТАЛ ОД 2010 ГОДИНА**

1.Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за III квартал од 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 2427/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 29.10.2010 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

## АКТ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ

Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) и член 4 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08 - 1281/5 од 03.10.1997 година, Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници, на седницата одржана на ден 26.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за доделување на награди и признанија по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп

**Член 1**

***<u>Наградата за животно дело - Златна плакета,</u>*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, се доделува на **Блага Петреска, естраден уметник** за постигнати резултати во естрадната уметност и промотор на Македонија во Светот.

**Член 2**

**<u>Наградите - плакети</u>** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп се доделуваат на:

**- Министерство за здравство,** за успешно реализирани проекти за реконструкција на Општа Болница "Борка Талески" и ЈЗУ "Здравстен дом" Прилеп

- **Амбасада на Народна Република Кина во Р. Македонија**, за успешна соработка во реализација на Проектот за комплетно реновирање на ОУ "Гоце Делчев" Прилеп

- **Универзитет "Св. Климент Охридски" Битола,** за својот придонес во развојот на Прилеп,

- **АД "Жито Прилеп" - Прилеп** за постигнатите позитивни резултати во своето работење и несебично учество на сите донаторски конференции на ниво на нашата општина.

- **Пицерија "Леоне",** заради особен придонес во развојот на угостителството и гастрономската култура во градот.

- **ДООЕЛ " Перкан Проект"** , за постигнатите резултати во своето работење како најуспешна фирма во Прилеп.

- **ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески"** за постигнати резултати на полето на библиотечната дејност, издавачката и културната дејност.

- **ОУ "Блаже Конески"** заради достигнувањата и прикажаните резултати од инфраструктурен, организациски и воспитно-образовен аспект.

- **Фудбалски клуб "11-ти Октомври"** за постигнатите резултати и враќањето на публиката на стадионот.

- **Клуб "Климент Охридски" при Специјалната Олимпијада Прилеп,** заради успешна работа на полето на спортот со лица со посебни потреби..

- **Танцово студио "Зодијак" Прилеп** за постигнатите резултати на полето на современиот танц,

- **Музичка група "КРОС РОАД БЛУЗ БЕНД"** за придонесот во културно-забавниот и музичкиот развој на Прилеп

- **Невладина организација "COSV"** Прилеп, за успешно реализирање на проектите во мултикултурниот центар во Тризла.

**Член 3**

***<u>Наградите - дипломи</u>*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, им се доделуваат на:

**- Живко Козар - карикатурист,** за постигнати резултати на полето на карикатурата - најплеменитата и најнеблагодарната мисија да му се каже на светот вистината влице.

- **Д-р Милан Сапунџиоски,** за особен придонес и афирмација на нашиот град и држава на меѓународен план во областа на здравството и медицината.

**- Славчо Ковилоски, професор** , заради особен придонес во развојот на литературната мисла и учество во капитални проекти за промоција на Прилеп и прилепско низ историјата

**- Лилјана Мургоска-Секулиќ, новинар,** за нејзиниот долгогодишен новинарски ангажман и придонесот во афирмацијата на Прилеп.

**- Протојереј Златко Ангелески,** за постигнати резултати во црковно научно - истражувачката дејност и објавувањето на капиталното дело **"170 години од осветувањето на Црквата "Свето Благовештение".**

**- Ристо Тошески, професор,** за постигнати резултати во ликовната уметност и изработката на Мозаикот инспириран и посветен на ликот и делото на музичката ѕвезда Тоше Проески.

- **Кирил Гегоски, ликовен уметник,** за придонесот во создавањето на ликовната уметност и култура во Прилеп и Македонија,
- **Жарко Башески, ликовен уметник,** за придонесот во ликовната уметност и култура и уредувањето на екстериер (монументална скулптура) во град Прилеп,
- **Боше Кочоски, крводарител,** за својата хуманост кој како повеќекратен крводарител има дарувано крв повеќе од 100 дарувања.
- **Мате Десоски, фотограф,** (постхумно), за својот придонес во областа на фотографијата,
- **Кирил Трпчески, златар,** за својот придонес во афирмацијата и развојот на занаетчиството во град Прилеп.
- **Каратистките: Мишела Димоска, Маријана Димоска, Сара Симоноска и Анастасија Матеска, членови на Македонската Карате репрезентација,** за освоените 5 (пет) златни медаљи и 1(една) сребрена медаља на Балканското Карате првенство во Атина-Република Грција.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2393/1
26.10.2010 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за одбележување
значајни настани, личности и празници
Примариус Д-р Благоја Дамески

**С О Д Р Ж И Н А**
**на "Службен гласник на Општина Прилеп"**
**број 11 од 29.10.2010 година**

1. Одлука за отпис на побарувањата кон должници по основ на застареност.........**Стр.1**
2. Одлука за отпис на обврските кон добавувачи по основ на застареност. ...........**Стр.2**
3. Програма за волонтирање во Локалната самоуправа - Општина Прилеп ..........**Стр.3**
4. Одлука за доделување на солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св.Јован Бигорски"...........................................................................**Стр.3**
5. Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп, за 2010/2011 годаина......................................................................................**Стр.4**
6. Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плоча во чест на швајцарскиот писател Никола Бувие. ........................**Стр.5**
7. Програма за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2010 година...........................................................**Стр.5**
8.Одлука за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза формирање на градежна парцела во УАЕ 1 со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи на КП бр. 5413/2 КО Варош во Општина Прилеп..............................................................................................................**Стр.6**
9. Одлука за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза за усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите на урбанистичкото планирање во формирана градежна парцела бр. 328, во ДУП за УАЕ 16-дел со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи..............................................**Стр.7**
10. Одлука за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи и Г 3 сервиси, на КП бр. 6067 и 6068 во Прилеп.................................................................................................................**Стр.8**
11. Одлука за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програмаза формирање на градежна парцела од КП бр. 315/1 - дел во КО Мало Коњари со основна класа на намена Б6...................................**Стр.8**
12. Одлука за утврдување потреба од изработка локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска програма за формирање на градежна парцела во УАЕ 21, УБ 21/3 за изградба на објект со основна класа на намена Г 3 - сервиси, на КП бр. 5953/3 и 5953/4 ко Варош во Општина Прилеп.........................................................................**Стр.9**
13. Одлука за утврдување Нацрт на урбанистички план за дел од село Големо Коњари "УБ" "1а" - измени и дополнување......................................................................................**Стр.10**
14. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за III квартал од 2010 година..................................................................................................................**Стр.14**

**АКТИ ОД КОМИСИИ**

1. Одлука за доделуување на награди и признанија по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп............................................................... .............................**Стр.42**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни работи. Тираж: 60 примероци.**